*Наташа СТАНОЈКОВСКА-ТРАЈКОВСКА*
*Натали КИТАНОСКА*

***УДК: 364.632-055.2-056.26***
Изворен научен труд

# НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

***Кратка содржина:***

*Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост (КПЛП) со Факултативниот протокол кон неа е првиот обврзувачки правен акт и водечки меѓународен инструмент во однос на правата на лицата со попреченост. Едно од начелата на КПЛП е „почитување на вроденото достоинство, индивидуалната автономија вклучувајќи ја слободата за носење сопствени избори и самостојноста", со што лицата со попреченост се препознаваат како носители на права имајќи ја предвид нивната специфична ситуација. КПЛП во членот 6 препознава дека „жените и девојките со попреченост се предмет на повеќекратна дискриминација" и им наложува на земјите потписнички да „преземат мерки за да обезбедат нивно целосно и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи". Истражувањето е направено со цел да се испита подготвеноста на државата институционално да ја покрие информираноста на девојките и жените со попреченост, нивната едукација по прашањето на насилство, пристап до услуги и информации соодветен на потребите на секоја категорија одделно, како и системски решенија за нивна заштита од насилство. Применета е квалитативна истражувачка стратегија, а истражувањето е спроведено со претставници на центрите за социјална работа, претставници од Министерството за труд и социјална политика, стручни лица кои се директни даватели на услуги од областа на вонсемејна заштита, како и самите девојки и жени со попреченост. Главните заклучоци кои произлегуваат од истражувањето велат дека девојките и жените со попреченост се повеќе подложни на насилство, особено од страна на нивните партнери или од членови на семејството. Потребна е поголема информираност за препознавање и охрабрување за пријавување насилство.*

***Клучни зборови****: насилство, девојки и жени со попреченост, жртви на насилство.*

**Вовед**

Социјалната и општествена инклузија на лицата со попреченост се заложбите на Република Северна Македонија. Правата кои се дел од новиот пристап кон лицата со попреченост се одредени водејќи се од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост која е усвоена во 2006 година. Исто така како особено важен општествен сегмент во кој неизбежно се дел и лицата со попреченост е насилството како општествена појава. Во Законот за спречување на насилството врз жените и девојчињата донесен во 2021 година жените со попреченост се внесени во делот на лица врз кои не треба да се врши дискриминација при интервенција кога се работи за насилство и се дефинирани како ранлива категорија на жени. Според член 8 од Законот предвидено е и соодветно приспособување на мерките, активностите и услугите според попреченостите на жените. Сепак покрај сите поволности кои се дел од секојдневието на лицата со попреченост многу мал дел е посветен на подигање на свеста за насилството со фокус токму на жените со попреченост. Прашањата: Дали жените со попреченост се доволно информирани дека имаат право да го пријават насилството? Дали нивната положба како граѓани во државата им дава доволно слобода да се соочат со решавање на предизвикот со насилството или се зависни од другите по однос на ова прашање? Дали лицата кои се дел од секојдневието на лицата со попреченост се свесни за нивниот личен интегритет? Колку навистина се почитува законската рамка од страна на службите од државата се она што го води овој труд кон истражувањето на моменталната состојба на терен и што е она што треба да се преземе за да може да се надмине ваквиот предизвик.

Родово базираното насилство, во сите негови форми, е секојдневие во животот на жените во земјава и во светот. Во Северна Македонија речиси половина (45 %) од жените доживеале некаква форма на насилство од интимен партнер (физичко, сексуално и/или психолошко) од 15-годишна возраст, додека речиси секоја трета жена (30 %) доживеала сексуално вознемирување.

Податоците покажуваат дека повеќе од 80 % од жртвите на семејно насилство се жени. Распространетоста на насилството врз жените во земјава е значително пониска од земјите на ЕУ, што укажува на постоењето страв и срам од пријавување и недоверба во институциите.

Исто така, загрижува фактот што трипати повеќе жени сметаат дека домашното насилство е приватна работа што треба да остане во семејството, во споредба со жените во ЕУ, а значителен број жени сметаат дека некое „помало“ насилство е нормално однесување. Сексизмот и сексистичкото однесување се поврзани со насилството врз жените и девојките, при што делата на „секојдневен“ сексизам се дел од континуитетот на насилство создавајќи атмосфера на заплашување, страв, дискриминација, исклученост и несигурност, со што се ограничуваат можностите и слободата на жените

и девојките. Родовите стереотипи и предрасуди ги обликуваат нормите, однесувањето и очекувањата на мажите и момчињата, што доведува до сексистички акти. Повеќе анализи и истражувања во последниве години покажаа дека во земјава сè уште доминираат стереотипните традиционални верувања за местото и за улогата на жените и на мажите во домот и во општеството, кои претставуваат пречка за напредокот на жените во речиси сите сфери од приватниот и од јавниот живот. Мажите сè уште се сметаат за доминантни во домот и во јавниот живот, додека од жените се очекува да ги стават сопствените потреби и амбиции на лично и професионално поле на второ место и да се посветат пред сè на домаќинството. Сè уште има значителна бројка жени (37 %) кои сметаат дека жената треба да му се покори на сопругот, дури и ако таа не се согласува, а слична бројка (32 %) сметаат дека е важно мажот да ѝ покаже на својата партнерка кој е главен. Исто така, секоја трета жена покажува сомневање во исказите на други жени што пријавиле малтретирање или насилство. Дополнително, 14,5 % од жените од руралните средини на возраст од 15 до 49 години оправдуваат мажот да ја тепа жената доколку таа ги запостави децата (наспроти 4,5 % од урбаните средини), 7,3 % од жените во руралните средини сметаат дека е оправдано мажот да ја истепа жената ако таа се расправа со него (наспроти 2 % од урбаните средини) и 6,7 % од жените во руралните средини оправдуваат мажот да ја истепа жената ако таа излезе без да му каже (наспроти 1,5 % од урбаните средини).

Предмет на овој труд е да се утврди степенот на изложеноста на насилство на жените со попреченост. Истражувањето има за цел да се утврди дали жените со попреченост се изложени повеќе на насилство во однос на жените со типичен развој, дали доминира некој вид на насилство на кој се изложени жените со попреченост, дали го препознаваат насилството, дали државата нуди механизми за спречување на насилството врз жените со попреченост.

Насилство врз жените е кршење на човековите права, дискриминација врз жените и ги означува сите дејствија на родово-базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви дејствија, изнуда, произволно ограничување и/или лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или во приватниот живот.

Од особена важност беше земено тоа дали имаат поддршка од општествената заедница и дали по сопствена иницијатива би го пријавиле насилството како дел од довербата во системот на државата за справување со нивната специфична ситуација. Во истражувањето е важно да се каже дека се опфатени жени со интелектуална попреченост, церебрална парализа, оштетен вид, оштетен слух како и жени со физичка попреченост.

Според Конвенцијата за правата на лицата со попреченост секое лице има право да ги ужива сите права и слободи во општеството како

и граѓаните со типичен развој. Лицата со попреченост имаат право да живеат со своите семејства, имаат право на континуирано образование и воспитание, здравствена заштита, целосна инклузија во општественото и во социјалното окружување. Овие лица исто така имаат право на искажување на сопствената сексуалност и емоции. Често пати поради непрепознавање, незнаење или наивност, овие лица стануваат искористени и наведени на доста акти кои спаѓаат во акти на насилство. Во текот на овој труд ќе се среќаваме и со поимите кои го означуваат насилството.

- „Семејно насилство" е малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или во заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не;

- „Физичко насилство" е секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето и телесниот и психичкиот интегритет на жртвата;

- „Психичко насилство" е секое однесување со употреба на присилба, заплашување или закана, кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и на психичкиот интегритет на жртвата;

- „Економско насилство" е секое дејствие на ограничување или спречување во остварување и/или располагање со лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничкото домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата;

- „Сексуално насилство и силување" е секое дејствие од сексуална природа, со кој било телесен дел или предмет, на телото на друго лице без негова/нејзина согласност. Сексуално насилство постои и кога се наведува или присилува друго лице да се вклучи во дејствија од сексуална природа со трето лице без негова согласност. Согласноста мора да е изразена доброволно како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на околностите.

**Резултати од истражувањето**

Со цел добивање на реалната слика за тоа каква е состојбата на терен моментално, земајќи предвид дека претходно се преземени доста мерки за превенција на насилството и подигање на свеста на населението спроведени се два прашалници и 2 отворени интервјуа со засегнатите страни по прашањето жени со попреченост и насилството.

Прашалникот којшто беше составен од 8 прашања беше спроведен на 30 лица од центрите за социјална работа од целата територија на Република Северна Македонија.

На прашањето „Колку често се соочувате со случаи каде жените со попреченост се жртви на насилство?", од 30 испитаници 44 % или 13 испитаници имаат одговорено многу ретко, 33 % од нив имаат одговорено дека ретко се соочуваат со вакви пријави, 7 лица од нив одговорија дека понекогаш. Второто прашање беше во насока на тоа од кого ги добиваат пријавите во центрите за социјална работа. Во овој случај 55,6 % или повеќе од половина одговорија дека пријавите ги добиваат од друго лице додека 44,4 % имаат одговорено дека пријавата е лично од жртвата. Ваквите одговори водат до тоа дека голем дел од жените со попреченост или немаат пристап до тоа сами да пријават за насилството или се работи за тоа дека не се доволно информирани каде и како да го пријават насилството.

За да може да се добие вистинската слика за насилството на испитаниците им беше поставено и прашањето „За каков вид на насилство најчесто станува збор?" Како понудени одговори беа наведени сите видови на насилство (физичко насилство, психичко насилство, економско насилство, сексуално насилство, насилство преку интернет, говор на омраза, присилен брак, семејно насилство, родово базирано насилство, демнење, трговија со жени). На ова прашање 56,7 % од испитаниците имаат одговорено дека физичкото насилство е најзастапено во пријавите во центрите, 33,3 % од нив имаат одговорено дека се работи за психичко насилство додека 10 % од нив имаат одговорено дека пријавата е говор на омраза. На прашањето „Дали имате евиденција за тоа како продолжува животот на жените со попреченост после чинот на насилство?", поголем дел од нив имаат одговорено негативно, еден дел од нив имаат одговорено позитивно со дополнување дека тоа се случаи доколку лично ја познаваат жртвата или доколку жртвата има контакт со некој нивни близок. Од лицата кои имаат дополнување издвоени се неколку цитати:

„Продолжува да се одвива во ист тек, со делумни промени кои траат во периодот на 'каење', 'промена' и 'извинување'" или „Лицето останува во иста непроменета состојба подолг период".

„Доколку нема подолготрајни последици жртвата продолжува со животот како и претходно, а често пати и не е свесна за сè што преживеала".

„Доколку имаат свое семејство добиваат нивна поддршка".

Ова укажува на отсуство од континуирана грижа за жените жртви на насилство или одбивање на помош од нивна страна како резултат на недоверба.

За истражувањето од особена важност беше статусот на жените со попреченост кога станува збор за насилството во таа насока беше поставено и прашањето дали станува збор за материјално необезбедени жени или за жени кои се материјално обезбедени.

Од 30 испитаници кои се вработени во центрите за социјална работа 27 имаат одговорено дека се работи за материјално необезбедени жени со попреченост додека 3 од нив имаат одговорено дека се работи за материјално стабилни жени. Ова укажува на тоа која група на жени со попреченост е поранлива кога се работи за насилството.

Поради тоа што во 21 век информираноста останува предизвик и покрај тоа што глобално сите ги користат социјалните медиуми како примарно средство за комуникација и за информирање има голем број на информации кои никогаш не стигнуваат до посакуваната публика. Затоа беше поставено и прашањето „Дали сметате дека жените со попреченост се доволно информирани за тоа каде може да го пријават насилството?" 44,4 % од испитаниците имаат одговорено дека сметаат дека жените со попреченост имаат доволно информации за тоа каде треба да го пријават насилството додека 55,6 % од нив имаат одговорено дека жените не се доволно информирани каков вид на насилство каде можат да го пријават.

Испитаниците исто така беа прашани дали би сакале да споделат некое искуство во анкетата.

„Жртвата поради страв никогаш не го призна насилството што ѝ беше нанесено".

„Поради одложување на судскиот спор од кој требаше да биде изнесена пресуда (во случајот се работи за правото за контакт со детето) правдата не беше задоволена во однос на жртвата и покрај сите спроведени процедури од страна на центарот за социјална работа".

„Жена со попреченост психички малтретирана од својот сопруг по подолго советување и поддршка го напушти сопругот и се врати во своето семејство, а подоцна се омажи со друг партнер. Има контакти со своите деца од поранешен брак".

„Случајот заврши со раскинување на вонбрачната заедница и жената замина да живее кај родителите со нивна поддршка".

„Жена со попреченост беше сексуално искористена од возрасен маж".

Како последно прашање од анкетниот прашалник беше поставено „Дали сметате дека институциите доволно ги охрабруваат жените со попреченост кога станува збор за насилство?", во овој случај 66,7 % имаат одговорено позитивно додека 33,3 % имаат одговорено негативно.

Со цел добивање на точни податоци во однос на пријавите на насилството на ниво на целата држава беше направено отворено интервју со вработен во Министерството за труд и социјална политика. Согласно со неговото излагање на ниво на целата територија на Република Северна Македонија изминатата година (2021) има само 5 пријави на насилство кои се однесуваат на жени со попреченост. Испитаникот дополни дека и покрај кампањите коишто се спроведуваат бројот на пријави за жени со попреченост не се зголемува. Следствено на ова беше поставено прашањето за тоа дали при екстремни случаи на насилство жените со

попреченост се сместени во шелтер центрите како последна можност за справување со насилството. Испитаникот извести дека на територијата на Република Северна Македонија моментално има 7 шелтер центри во сите плански региони во државата (Скопје, Гостивар, Охрид, Кочани, Свети Николе и Велес). Тој дополни дека и покрај тоа што во 2018 година се реновирани и приспособени шелтер центрите со соодветна бања и тоалет како и пристапни рампи сепак кога станува збор за насилство на лице со попреченост се одлучуваат за други форми на згрижување започнувајќи од центрите за дневен престој па сѐ до малите групни домови.

Од информациите добиени со интервјуата може да заклучиме дека жените со попреченост се соочуваат со бариери кога се работи за пријавување на насилството на соодветното место. Покрај пристапните шелтер центри кои претставуваат најсоодветната грижа за жени жртви на насилство моментално на територијата на државата, сепак при екстремни случаи на насилство жртвите се одлучуваат за поинакво сместување или пак воопшто за непријавување на насилството. Ваквите одлуки директно влијаат на нивната безбедност како и ризикот од секундарното случување на насилството од страна на насилникот затоа што и покрај алтернативното сместување тие не ги уживаат бенефициите на шелтер центрите, затоа што во центрите за лица со попреченост или малите групни домови не се на заштитена (тајна) локација и не ја добиваат соодветната поддршка што треба да ја добие една жртва на насилство по претрпениот чин.

Целосно анонимен прашалник беше спроведен и со жени со попреченост, тука беа опфатени жени со физичка попреченост, жени со оштетен слух и жени со церебрална парализа. Во анкетниот прашалник беа опфатени 15 жени кои беа на возраст помеѓу 20 и 40 години. Пред сѐ од особена важност беше прашањето каде живеат испитаниците со цел добивање на реалната слика за тоа со која група на жени се работи. Во дадениот случај 9 од жените имаа одговорено дека живеат самостојно додека 6 од нив дека живеат со поддршка од друго лице коешто е дел од неговото семејство. Следствено на ова прашање беше поставено прашањето дали испитаничките некогаш имаат доживеано каков било вид на насилство На ова прашање 10 од испитаничките одговорија позитивно, додека 5 од нив одговорија дека се немаат соочено лично со насилство. Неколку од испитаничките имаа наведено како дополнување на својот одговор дека иако немаат лично искуство со насилство сведоци се на насилство во нивна непосредна близина.

На испитаничките кои имаат одговорено позитивно на претходното прашање им беше поставено прашањето со каков вид на насилство се соочуваат најчесто. 4 од испитаничките имаа одговорено дека се соочиле со физичко насилство, 3 од нив се соочиле со психичко насилство, останатите три се имаат изјаснето дека се соочиле со говор на омраза, економско насилство и со насилство преку интернет.

Како следно прашање беше поставено „Од кого беше извршено насилството?" На ова прашање десетте испитанички кои претрпеле насилство одговорија дека насилството е извршено од лице од непосредна близина, 4 од испитаничките одговорија дека се работи за нивни познаници, 3 имаат одговорено дека се работи за членови од блиско семејство и останатите 3 имаа одговорено дека се работи за членови од пошироко семејство.

Од особена важност за истражувањето е податокот дали испитаничките го имаат пријавено насилството, според нивните одговори 8 од нив не го пријавиле насилството додека само две од нив го немаат пријавено насилството. Испитаничките кои го имаат пријавено насилството тоа го направиле во здружение или пак во центарот за социјална работа.

На сите испитанички им беше поставено прашањето дали сметаат дека се доволно информирани за тоа каде можат да го пријават насилството. На ова прашање 4 од испитаничките имаат одговорено позитивно, додека 11 од нив сметаат дека не се доволно известени каде и како можат да го пријават насилството. Секоја од испитаничките смета дека клучен дел после извршување на чинот на насилство е психосоцијалната поддршка, но дека никоја од нив досега не била вклучена во таков вид на услуга.

Како последно прашање беше поставено „Што би сакале да промените во системот за заштита од насилството?" Дел од нивните изјави беа следните:

„Да биде подостапно за сите и секаде и да се пласира во јавноста со поголем интензитет".

„Сакам да го променам начинот на заштита на жртвите".

„Поголема заштита на жените со отворање на повеќе форми на заштита".

Земајќи ги предвид можностите на сите учесници во истражувањето и вклученоста во виртуелните алатки кои овозможуваа пристап до анкетите спроведен беше инклузивен пристап за жените со интелектуална попреченост. Согласно на претходно кажаното беа спроведени отворени интервјуа во малите групни домови каде што е имплементирано живеењето со поддршка.

Беа интервјуирани 10 жени сместени во малите групни домови на возраст над 30 години. Кога разговаравме за насилството со нив, 6 од испитаничките одговорија дека досега биле соочени со насилство, 3 од нив одговорија дека се работи за физичко насилство, додека 4 од нив кажаа дека биле соочени со психичко насилство и со говор на омраза. Во непосреден разговор со нив беше откриен фактот дека најчесто ваквите форми на насилство биле од нивните блиски односно од лица кои се дел од нивното секојдневие. Во ова интервју беше вклучен и негувателот којшто е дел од малите групни домови. Тој истакна дека формите на насилство може се дел од секојдневието за лицата со лесна интелектуална попреченост и може да се каже дека тоа е потсмевот од заедницата или пак кога некоја постапка ќе

биде направена од страна на корисниците која не е општествено прифатена се наидува на осуда и на навреди кои потоа влијаат на расположението на корисниците.

„Физичкото насилство во нашите мали групни домови не е чест случај, може да се каже дека тоа се случува само како недоразбирање помеѓу корисниците, но тоа го решаваме со разговор" истакна негувателот.

Тој посочи дека се отворени во комуникацијата со корисниците и дека кога се случува каква било форма на насилство корисниците доаѓаат веднаш кај нив, кај управителот или кај негувателите. Тој истакна дека досега не биле соочени со ситуации со кои ги запознале институциите и доколку би имале таква ситуација со сигурност би го известиле надлежниот центар за социјална работа и би биле преземени соодветните мерки.

На жените им беше поставено прашањето дали мислат дека имаат соодветна поддршка по претрпеното насилство. Издвоивме дел од нивните изјави:

„Негувателот секогаш ми ја дава потребната поддршка."

„Си разговарам со другарката со која живееме заедно и така полесно ми поминуваат проблемите кои ги имам."

„Ако имам некаков проблем се чувствувам тажна и потоа веднаш тоа го чувствуваат луѓето кои се грижат за мене. Јас сите работи што ми се случуваат ги споделувам со нив."

**Заклучоци**

Со резултатите добиени од истражувањата кои беа спроведени за потребите на изработка на трудот се отворија повеќе прашања и како главно од тие прашања може да се издвои „Колку навистина се заштитени жените со попреченост од насилството?"

Резултатите во целост потврдуваат дека:

- Постојат разлики во однос на видот на насилство на кое се изложени жените со попреченост
- Жените кои се невработени се повеќе изложени на насилство за разлика од жените кои се вработени
- Местото на живеење е поврзано со степенот на изложеност на насилство.

Тргнувајќи од условите во коишто живеат, која е нивната позиција во општеството, како се прифатени во училиштата, социјалните простори, сообраќај, болница, институција, оваа група на луѓе сè уште е маргинализирана во општеството. Најчесто луѓето кои се директно инволвирани со работни процеси кои ги тангираат лицата со попреченост се посвесни за нивното постоење воопшто како и за нивните секојдневни предизвици. Но, тоа не е подеднакво за сите. Со започнувањето на проектот за деинституционализација лицата со попреченост се повидливи во

општеството што директно придонесува за подобрување на нивниот квалитет на живот. Воведени се мерки за инклузија во градинките, воведени се образовни асистенти  кои им помагаат на децата со попреченост за интеграција во образовниот систем и покрај сите овие „стерилни“ преземени мерки заборавено е дека лицата со попреченост поголемиот дел од времето што го поминуваат не е училиште, не е здравствената заштита, туку е нивниот секојдневен живот во нивното блиско окружување. Тука мора да се земе предвид дека тие се соочуваат со истите предизвици како и лицата со типичен развој.

Насилството како феномен е дел од историјата, сегашноста и ќе биде дел од иднината сè додека не се подигне свеста на населението за неговото значење и за влијанието кое го има на менталното здравје на лицата кои се жртва на насилството или пак се сведоци на насилството. Првата слика која се добива од самото истражување е дека лицата со попреченост ретко го пријавуваат насилството, тоа се забележува и од изјавите на лицата со попреченост и од вработените во центрите за социјална работа. Покрај кампањите  кои се спроведуваат од страна на сите релевантни фактори во државата нивото на познавање на формите на насилство, како и каде треба тие да се пријават останува ниско.  Самото тоа што повеќе од испитаниците во центрите за социјална работа мислат дека лицата со попреченост на се доволно информирани за тоа каде треба да го пријават насилството укажува на тоа дека унапредениот пристап кон овие акти сè уште не е дел од секојдневието на жените со попреченост. Во текот на испитувањето на двете главни групи на испитаници увидено е дека најчесто се работи за физичко насилство кое го претрпуваат жените со попреченост, додека после оваа форма на насилство е психичкото насилство. Од особена важност е тоа што жените со попреченост имаат сознание за ваквата форма на насилство и ја препознаваат во нивниот живот, но поретко ја пријавуваат од физичкото насилство. Од анализата на прашалниците воочено е дека насилството повеќе се случува во формата на живеење на лицата со попреченост која опфаќа живеење во нивните домови отколку живеењето со поддршка (малите групни домови). Лицата кои беа испитувани, а живеат во малите групни домови се чувствуваат сигурно со вработените и најчесто не доаѓа до акутни форми на насилство. Додека лицата што живеат со нивните семејства се поизложени на говор на омраза или на семејно насилство.

Од испитувањето на вработен во Министерството за труд и социјална политика заклучено е дека и покрај нудењето на услугата привремен престој во шелтер центрите во кои се спроведува и психосоцијална поддршка, жените со попреченост одлучуваат да не ја користат ваквата услуга туку се одлучуваат за алтернативната форма на привремен престој. Со ваквата одлука се загрозува безбедноста на лицето кое е во опасност и постои можност за повторна виктимизација. Причината за тоа е што шелтер центрите се на тајна локација која е непозната за насилникот додека малите групни домови не го нудат тоа.

При одговорите на жените со попреченост забележано е во последното прашање „Што би сакале да промените во системот за заштита од насилството?“, испитаничките имаат одговорено дека би ги промениле начините на заштита на жртвите. Ваквиот одговор наведува дека е потребно во работата со жртви на насилство со попреченост да има посебен протокол според кој ќе се водат вработените кои се директно вклучени со насилството.

Земајќи го предвид горенаведеното за заштита на жените со попреченост од насилство потребна е континуирана работа со нив, подигање на свеста и посебен пристап кој одговара на нивните потреби.

**Препораки**

Од претходно изнесените заклучоци произлегуваат следните препораки:

- За успешно справување со говорот на омраза и подигање на свеста за попреченоста покрај тоа што децата со процесот на инклузија сè повеќе се вклучени во предучилишното воспитание и образование потребна е соодветна подготовка на децата со типичен развој кои претходно не биле соочени со директен контакт со лица со попреченост за нивните различности и разбирање на истите.
- Поголема едукација за насилството, што значи тоа, како можеме да го пријавиме и кои акти се сметаат за насилство. Ваквата едукација може да биде спроведена на формален или на неформален начин. Ова може да биде дел од формалното образование како сегмент од курикулумот во училиштата или може да биде во форма на обуки, игри, активности кои го даваат потребното знаење на темата.
- Во едукативните кампањи и во кампањите за кревање на јавната свест да бидат вклучени здруженијата на лицата со попреченост. Преку нив ќе се олесни пристапот до што поголем број лица со попреченост.
- Интернетот не е место каде што може најчесто да се споделуваат информациите за тоа како треба да се заштитиме од насилството. Покрај лесниот пристап до информации на интернет преку паметните телефони сепак оваа таргет група не секогаш може да биде информирана на таков начин. Виртуелните алатки се сепак премногу напредни за некои лица со попреченост или едноставно поради нивна поголема безбедност не ги користат телефоните. Затоа потребно е таргетирање на местата каде што најмногу се движат лицата со попреченост, местата кои

им се достапни или едноставно може да се споделува печатен материјал во нивните домови.

- Во однос на насилството кое најчесто се случува во домовите на жените со попреченост потребно е да се организира советодавна служба која ќе работи со семејствата во однос на подигнување на нивната свест за лицето кое живее во нивниот дом, без разлика дали се работи за нивното дете, нивниот родител или пак за нивната сопруга. Преку ваквите советодавни служби се работи директно на превенција на случување на насилството.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Благосостојбата и безбедноста на жените, Северна Македонија: Извештај од резултатите.
- Закон за заштита од насилство врз жените и девојчињата (https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2021/1a28a922f364401e94935d4d694b9d75.pdf )
- Закон за основното образование (https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf ).
- Кампања „Со тебе сме – заедно против насилството врз жените и девојчињата" https://mtsp.gov.mk/media-centar.nspx
- Конвенција за правата на лицата со попреченост (https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Konvencija%20za%20pravata%20na%20licata%20so%20invalidnost.pdf)
- ОБСЕ, Организација за безбедност и соработка во Европа. (2022) Скопје: Истражувачки извештај, Превенција на родово базирано насилство врз жени и девојки со попреченост, Димитровска, Н., Кочоска, Е. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/5/d/513253_0.pdf
- ОБСЕ (2019) Истражување спроведено од ОБСЕ за насилството врз жените во Северна Македонија.
- Правилник за функционалната проценка, Министерство за труд и социјална политика, Службен весник на РСМ, бр. 9 од 17.1.2023 година, Правилник за функционална проценка.pdf
- Проектот за поддржување на социјалните сервиси https://socialservicesplatform.eu/mk/za-nas/
- Совет на Европа, Препорака CM / Rec (2019) 1 „Спречување и борба против сексизмот", усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа, 27 март 2019 г.
- European Parliament (2004) Report on the situation of women from minority groups in the European Union (2003/2109(INI)). Достапно на https://www.europarl.europa.eu/sides/getDoc.do?pubRef=-//EP//NONSGML+REPORT+A5-2004-0102+0+DOC+PDF+V0//EN
- https://socialservicesplatform.eu/mk/za-nas/
- International Network of Women with Disabilities (2010) Document on Violence against Women with Disabilities.
- OSCE (2019) Well-being and safety of women, OSCE-led survey on violence against women – Experiences of disadvantaged women: Thematic Report. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/b/1/430007.pdf

- State Statistical Office and UNICEF (2020) 2018-2019 North Macedonia Multiple Indicator Cluster Survey and 2018-2019 North Macedonia Roma Settlements Multiple Indicator Cluster Survey, Survey Findings Report.
- UN Women (2018) Public Perceptions of Gender Equality and Violence against Women, Infosheet.
- UNICEF and The European Union (2018) Inclusion of Children and Youth with Disabilities in Mainstream Secondary Education.
- USAID (2012) Women with Disabilities in the Europe & Eurasia Region: Final Report. Достапно на https://www.usaid.gov/sites/default/files/Women-with-Disabilities-EE-Region-FINAL-2012.pdf